Врз основа на член 22 став 1 алинеа 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02), член 40 став 1 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Р.С.М.“ бр.32/20) и член 14 од Статутот на општината Крива Паланка („Службен гласник на општината Крива Паланка“ бр.8/2010,8/2014,2/2018,3/2019 и 08/2021), Советот на општината Крива Паланка на седницата одржана на 03.12 2021 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
## За изработка на урбанистички планови во општината Крива Паланка за 2022 год.

Годишната програма за изработка на урбанистички планови претставува своевидна рамка на приоритетите во областа на урбаното живеење, а пред се таа е произлезена од потребите и проблемите на локалната заедница, како и развојната стратегија на општината Крива Паланка.

Навременото донесување на планска документација за потребите на урбаното и руралното подрачје е неопходно и приоритетно во развојниот процес на општината Крива Паланка. Во спротивно се иницираат и создаваат низа урбани и социјално-економски негативни последици врз целокупниот живот на заедницата.

Урбанистичкиот план е јавен документ со кој се уредува организацијата, намената, формата и начинот на употреба на просторот и земјиштето, како и просторните и функционалните услови за изградба и употреба на планираните градби.

Урбанистичкиот проект е планско-проектна документација што се изработува за разработка и спроведување на урбанистички план.

**I. Преглед на урбанистички планови кои се во фаза на изработкаи донесување:**

**1. Генерален урбанистички план за Крива Паланка:**

- Нов Генерален урбанистички план за Крива Паланка
  со површина на опфат од 659,06 ха во К.О. Крива Паланка, К.О. Конопница, К.О. Мартиница, К.О. Варовиште, К.О. Дрење, К.О. Лозаново, К.О. Градец Општина Крива Паланка

(финансиран од Влада на РСМ);

- Генерален урбанистички план за Крива Паланка (2014) во Синхронична постапка
  Измена и дополна на важечки Генерален урбанистички план за Крива Паланка кој е со површина на опфат од 615 ха во К.О. Крива Паланка, К.О. Конопница, К.О. Варовиште, К.О. Градец Општина Крива Паланка во Синхронична постапка кога се усогласува ДУП со ГУП што се во постапка за измена и дополнување и кога изменувањето и дополнувањето на ДУП е условено со измена и дополнување на ГУП

(финансиран од Општина Крива Паланка).

**2. Детални урбанистички планови за Крива Паланка:**

- Изработка и донесување на ДУП за урбан блок 1-Д;
- Изработка и донесување на ДУП за урбан блок 4-А;
- Изработка и донесување на ДУП за урбан блок 7-А;
- Изработка и донесување на ДУП за урбан блок 10-А;
- Изработка и донесување на ДУП за урбан блок 13-В.

Горенаведените урбани блокови се со следните опфати и површини**:**

- **ДУП за урбан блок 1-Д**
  Границата започнува од вливот на долот во спротивска маала во „Крива Река“, оди кон североисток узводно по течението на „Крива Река“, доаѓа до границата со К.О. Дрење, оди кон север по границата и доаѓа до трасата на железничката пруга кон југозапад и оди покрај трасата на железничката пруга и доаѓа до долот во спротивска маала кон југоисток и оди низводно по долот и доаѓа до вливот на долот во „Крива Река“.

Површината на овој опфат изнесува 16,19 ха.

- **ДУП за урбан блок 4-А**

  Границата започнува од вливот на „Дурачка Река“ во „Крива Река“ и се движи узводно по „Дурачка Река“, доаѓа до к.п.бр.1759 и к.п.бр.1760 и свртува по границата на парцелата и излегува на ул.„8-ми Октомври“, преминува преку улицата и доаѓа на кракот на ул.„8-ми Октомври“ (кај скалите), продолжува по кракот на ул.„8-ми Октомври“ и доаѓа до ул.„Калин Камен“, продолжува по оваа улица и излегува на ул.„Св. Јоаким Осоговски“ (пред тениското игралиште), свртува кон запад и оди по улицата и доаѓа до „Осички мост“ каде што излегува кај „Крива Река“, се движи по течението на „Крива Река“ и доаѓа до вливот на „Дурачка Река“ во „Крива Река“.

Површината на опфатот изнесува 11,67 ха.

- **ДУП за урбан блок 7-А**

  Границата започнува од вливот на долот „Единство“ во „Крива Река“ и се движи узводно по долот и доаѓа до мостот на долот и ул.„Св. Јоаким Осоговски“, поминува преку улицата и оди по границата со нас. „Единство“ и доаѓа до ул.„Пиринска“ кај „ловечки дом“ каде што свртува кон исток и доаѓа до ул.„Св. Јоаким Осоговски“, продолжува по улицата кон североисток и доаѓа до новиот крак и излегува на мостот со „мостот Нимулија“ каде што свртува низводно по долот и доаѓа до вливот на „долот Нимулија“ во „Крива Река“, свртува низводно и оди по коритото на „Крива Река“ и доаѓа до вливот на долот „Единство“ во „Крива Река“.

  Површината на опфатот изнесува 7,62 ха.

- **ДУП за урбан блок 10-А**

  Границата започнува од вливот на долот „Скрљавски дол“ во „Крива Река“ и оди кон југ узводно по долот и доаѓа до ул„Св. Јоаким Осоговски“, свртува кон исток и оди по ул.„Св. Јоаким Осоговски“ и доаѓа до долот кај житен склад каде што свртува кон север и оди по течението на долот до вливот на долот во „Крива Река“ каде што свртува кон запад и оди по течението на „Крива Река“ и доаѓа до вливот на „Скрљавски дол“ во „Крива Река“.

  Површината на опфатот изнесува 11,89 ха.

- **ДУП за урбан блок 13-В**

  Границата започнува северозападно од магистралниот пат А2 кај долот кај бензинска пупма во населба „Грамаѓе“ продолжува јужно по долот до улица „Пролетерска“ каде свртува источно по улица „Пролетерска“ до КП7128 каде продолжува југо-источно по граници на КП до дол кај КП7125 каде по долот продолжува северно, ја пресекува улица „Пролетерска“ на север по долот до магистралниот пат А2 каде свртува западно по осовина на магистралниот пат А2.

Површината на опфатот изнесува 7,01 ха.

## II. Урбанистички планови за кои треба да започне изработка и донесување:

Детални урбанистички планови за Крива Паланка кој ги опфаќа блоковите 2-Б, 9-А, 14-А, 17, 18-А и 18-Б со површина од 54,06 ха.

Горенаведените урбани блокови се со следните опфати и површини:

- **ДУП за урбан блок 2-Б**

  Границата започнува јужно од спротивска мала кај улица „Херој Карпош“, оди северо-западно по улица „Ратко Минев“, свртува источно и северно по улица „Македонска“, доаѓа северно до границата со коридор 8-Автопат А2 продолжува источно по неговата граница до м.в.„Пржар“, свртува јужно кон улица „Моша Пијаде“ и доаѓа до „Крива Река“, продолжува западно по течението на „Крива Река“ до спротивска мала.

  Површината на опфатот изнесува 18,50 ха.

- **ДУП за урбан блок 9-А**

  Границата започнува од западно од регулација на „Крива Река“, продолжува јужно по „Дол Житен склад“, ја пресекува ул.„Св. Јоаким Осоговски“ до населба по ул.„Гоце Делчев“ до КП3618 каде свртува источно по ул.„Гоце Делчев“ на запад до КП3510, продложува на север до КП3488, потоа свртува источно кон КП3490 кон „Дол Единство“, каде продолжува северно по „Дол Единство“ ја пресекува ул.„Св. Јоаким

Осоговски“ се до регулација на „Крива Река“, свртува западно по регулација на Крива Река.
Површината на опфатот изнесува 8,94 ха.

- **ДУП за урбан блок 14-А**
  Границата започнува северно на клучка на магистралниот пат А2 со експресниот пат-дел од прилкучокот за автопат продложува југо-западно по магистралниот пат до „Крива Река“ каде потоа свтрува источно низводно по „Крива Река“ до планираниот нов мост, свртува северно кон магистралниот пат А2 каде потоа западно продложува по магистралниот пат А2 до планираната клучка со експресниот пат-дел од прилкучокот за автопат.
  Површината на опфатот изнесува 6,96 ха.

- **ДУП за урбан блок 17**
  Границата започнува јужно од улица „Ратко Минев“ оди западно низ истата улица до „Бајанов Дол“, продолжува северно кон коридор од железничка пруга, кон север по „Бојанов Дол“, свртува источно кон север до м.в.„Баглак“, источно и јужно кон улица „Македонска“ се до јужна страна до улица „Ратко Минев“.
  Површината на опфатот изнесува 9,26 ха.

- **ДУП за урбан блок 18-А**
  Границата започнува јужно од „Куков Дол“ продолжува северно низ него до граница со коридор од железничка пруга, свртува зпадно по границата на истиот коридор, низ „Тештен Дол“ до „Бојанов Дол“, свртува јужно низ „Бојанов Дол“ до „Крива Река“, западно по граница од „Крива Река“ се до „Куков Дол“.
  Површината на опфатот изнесува 5,84 ха.

- **ДУП за урбан блок 18-Б**
  Границата започнува југо-западно од „Бојанов Дол“ оди источно прарелно со „Крива Река“ до м.в.„Шанин мост“ каде свртува сверно ја пресекува ул.„Херој Капош“ и продолжува северо-западно по ул.„Ратко Минев“ до раскрсница со ул.„Македонска“ каде свртува западно по ул.„Ратко Минев“ до „Бојанов Дол“ каде продолжува јужно по „Бојанов Дол“ каде завршува на почетната точка.
  Површината на опфатот изнесува 4,56 ха.

**III. Урбанистички план вон населено место за кои треба да започне изработка и донесување:**

- Изработка и донесување на УПВНМ за изградба на викенд населба за м.в. „Крива нива“ КО Бс, Општина Крива Паланка.
  (финансиран од физички лица)

**IV. Урбанистички проект вон населено место за кои треба да започне изработка и донесување:**

- Изработка и донесување на урбанистички проект за вон населено место за изградба на депонија за инертен и неопасен опад со намена Е3 во Општина Крива Паланка.

Површината на опфатот изнесува 2,00 ха.

**V. Изработка на урбанистичка проектна документација**

- Изработка и донесување на урбанистички проект за потребите на Општина Крива Паланка.

**VI. Изработка на урбанистичка планска документација**

- Урбанистичка планска документација ќе се изработува по одобрена иницијатива поднесена од страна на правно или физичко лице за градот Крива Паланка каде што нема ДУП и за останатите населени места во општината Крива Паланка за кои нема урбанистички планови;

- Урбанистичка планска документација ќе се изработува за потребите на Општина Крива Паланка за градот Крива Паланка каде што нема ДУП и за останатите населени места во општината Крива Паланка за кои нема урбанистички планови;

**VII. Ревизија на урбанистичка планска документација**

- Изработка на Ревизија за урбанистичка планска и проектна документација од страна на правно лице што ги исполнува условите за вршење на работите за изработување на ревизија согласно законот за урбанистичко планирање.

**VIII. Дигитални ажурирани геодетски подлоги**

- Набавка на дигитални ажурирни геодетски подлоги за гореспоментите урбанистички планови и проекти за кои треба да се отпочне постапка за изработка и донесување.

**IX. Финансирање на изработка и донесување на урбанистички планови**

- За изработка на нов ГУП за Крива Паланка за површина од 659,06 ха средствата за финасирање ќе се обезбедат од буџетот на Република Северна Македонија.
- За Измена и дополна на важечки ГУП за Крива Паланка за површина од 615 ха во синхронична постапка за донесување на ДУП за урбан блок 10А со површина од 11.89 ха, средствата за финасирање ќе се обезбедат од буџетот на Општина Крива Паланка во вредност од 800.000,00 денари.
- За изработка и донесување на Деталните урбанистички планови дадени во глава I на оваа програма потребни се средства во износ од 1.200.000,оо денари кои ќе се обезбедат од буџетот на Општина Крива Паланка.
- За изработка и донесување на Деталните урбанистички планови дадени во глава IIна оваа програмапотребни се средства во износ од 2.000.000,оо денари. кои ќе се обезбедат дел од буџетот на Општина Крива Паланка и дел од буџетот на РСМ.
- За изработка на урбанистички планови од глава III на оваа програма средствата ќе се обезбедат од физички лица.
- За изработка на урбанистички проекти од глава IV на оваа програма, потребни се сретства во износ од 120.000,оо денари. Средствата ќе се обезбедат од буџетот на Општина Крива Паланка и буџетот на РСМ.
- За изработка на урбанистички проекти од глава V, потребни се сретства во износ од 1.000.000,оо денари ќе се обезбедат од дел од буџетот на Општина Крива Паланка и дел од буџетот на РСМ.
- За изработка на урбанистички планови од глава VI , потребни се сретства во износ од 1.000.000,оо денари.Средствата ќе се обезбедат дел од буџетот на Општина Крива Паланка и дел од буџетот на РСМ.
- За ревизија урбанистички планови од точка VIIсе потребни сретства во вредност од 300.000,00 денари кои ќе се обезбедат од буџетот на Општина Крива Паланка.
- За набавка на ажурирани геодетски подлоги од точка VIII, се потребни сретства во вредност од 120.000,оо денари. Средствата ќе се обезбедат од буџетот на Општина Крива Паланка.

- Вкупно потребни сретства за реализација на Програмата за урбанистички планови за 2022 година се во вредност од **6.540.000,оо** денари и истите ќе се обезбедат дел од буџетот на Општина Крива Паланка и дел од буџетот на РСМ, а останатите сретства кои се потребни за изработка и донесување на урбанистички планови започнати по поднесени иницијативи од страна на физички и правни лица истите ќе се обезбедат од нивна страна.

**X.** Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето, истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“, а ќе се применува од 01.01.2022 година. Програмата задолжително ќе биде објавена во службеното гласило на општината, во електронска форма на веб страна на општината и во информацискиот систем на е-урбанизам

**Бр. 09-3711/81**
**03.12.2021год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска**